# ПРАВО НА ПРАТЕНИЦИТЕ ЗА СЛОБОДЕН ВЛЕЗ ВО ЈАВНИ ИНСТИТУЦИИ ОД РАЗЛИЧЕН ВИД

**-кратка информација-**

*Скопје, април 2023*

Во кратката информација е разработено прашањето за правото на слободен пристап на пратеник/пратеничка во определени институции/центри/објекти, приватни, јавни или делумно финансирани од државата, во различни држави. Додека во некои од државите ова право е широко признаено (Португалија, Полска и Литванија), во други држави (Австрија) правото е ограничено само на места кои што се стриктно определени со закон (на пр. затвори, затворени образовни центри за малолетници, центри за притвор, здравствени установи кои обезбедуваат психијатриска нега). Во Холандија во пракса се организираат посети од страна на пратеници, иако сето тоа не е регулирано со правен акт. Правото на пратениците индивидуално да можат да одат во посета на определени институции, центри или објекти во насока на извршување на нивната пратеничка надзорната функција, варира од држава до држава и се издвојуваат три форми. Може да станува збор за надзор над активностите на Владата, надзор над почитување на индивидуалните слободи и права или пак надзор над користењето на јавните финансии.

Кратката информација е изработена по сопствена иницијатива на Парламентарниот институт, согласно *Правилникот за вршење на надлежностите на Парламентарниот институт во Собранието на Република Северна Македонија.* Информациите содржани во кратката информација се преземени од Европскиот центар за парламентарни истражувања и документација.[1]

Во **Австрија**, не е предвидено право на пратениците слободно да влегуваат и посетуваат институции, центри или организации. Ниту со Федералниот уставен закон, ниту со регионалните устави не е предвидено ниту правото на пратениците за посета на затвори, центри за притвор на нерегуларни мигранти или баратели на азил, установи за ментално здравје и сл. *Федералниот закон за казнена служба* е единствениот кој на пратениците им дава посебни права во врска со можноста за посета. Согласно внатрешната наредба на министерот за правда, на членовите на Националниот совет и Федералниот совет им е дозволена посета на затворите односно дозволено им е да ги видат објектите. Со оглед на тоа дека постои поделба на власта во Австрија, ваквите општи посети на затворите не треба да се сфатат како вид на надзор.

Во **Финска** не постои законска регулатива или други акти кои се однесуваат на правото на посета на пратениците на одредени установи или институции. Во

[1] Прашалник бр.5261; European Center for Parliamentary Research and Documentation; https://ecprd.secure.europarl.europa.eu/ecprd/private/search?searchValue=5261

однос на ова, сепак треба да се напомене дека е обезбеден пристапот на Парламентот до информации. Согласно Уставот, Парламентот има право да ги побара и да ги добива потребните информации од страна на Владата, кои му се потребни во својата работа. На надзорните органи им е гарантирано правото на надзор и инспекција на одредени установи. Ниту Уставот ниту некој друг акт не предвидува општо право на посета на која било институција или структура без разлика дали се работи за јавно, приватна или институција делумно финансирана од државата.

Во **Грција,** исто така, не постои законска одредба која се однесува на ова право на пратеници индивидуално да посетуваат јавни структури како затвори или некакви други установи од посебен тип. Меѓутоа како некој вид на пракса или бонтон е кога пратеник/пратеничка ќе сака да посети центар за бездомници или некој друг вид на центар, треба да ја извести канцеларијата за односи со јавноста на соодветната општина или надлежната служба на установата што сака да ја посети. Невообичаено е ваквото барање од пратеник да биде одбиено токму заради утврдениот бонтон.

Во **Литванија** правото на член на Парламентот да посетува државни или јавни институции е предвидено со Статутот на Парламентот (Деловник) според кој: член на парламент има право да бара да биде примен без одлагање во претпријатија, агенции и организации во врска со прашања кои се однесуваат на неговите активности и има право да му се обезбедат потребните информации. Пратеникот има *право на неограничен пристап* до сите агенции, претпријатија и организации. Постапката за посета на институции чии активности се поврзани со државни тајни и постапката за заштита на информации кои се сметаат за државна тајна се утврдуваат со посебен закон. Пракса е дека посетата на пратеникот треба да се договори однапред. Во Статутот има одредба која се однесува на одговорноста за спречување на член на Парламентот во извршувањето на своите овластувања, според која лицата и функционерите кои го спречуваат пратеникот да ги извршува своите овластувања, ќе одговараат пред закон. Иако не постои детална законска регулатива во однос на условите на посетите сепак пратениците имаат право да влезат во посочените простории слободно без најава, да поставуваат прашања но и да побараат да разгледаат документи на лице место. Ограничувања постојат единствено во однос на информациите поврзани со заштита на државна тајна. Согласно доктрината утврдена од страна на Уставниот суд на Литванија, Статутот на Парламентот е специфичен правен акт со кој се воспоставува внатрешна организација на Парламентот и не може да наметнува обврски на трети лица кои не се предвидени со Уставот.

Во **Луксембург** не постои ниту уставна ниту законска одредба која им го дозволува ова право на пратениците. Единствено пратениците имаат право да посетат затвори, согласно Законот од 20 јули 2018 година за реформи во затворската администрација.

Во **Холандија** пратениците немаат право да влегуваат слободно во установи и институции, меѓутоа можат да побараат да им се дозволи посета.

Во **Полска** со Актот од 9 мај 1996 година за извршување на мандатот на членовите на Парламентот (Горниот и Долниот дом), освен што се утврдени нивните права, *се утврдува и правото на посета на одредени институции*. Според Актот, за време на извршување на својот мандат, пратениците или

сенаторите имаат право да добијат информации или материјали, да влегуваат во простории каде што се чуваат информации и документи и да ја проверат активноста на органите на државната администрација  и локалните власти, како и компании во кои удел има и државата, претпријатија во државна или сопственост на локалната власт, со соодветно почитување на законски заштитените тајни и ако не ги повредува личните права на други лица. Со истиот акт членовите на Парламентот имаат право и да интервенираат, што им дозволува да влезат во владините органи и органите на локалната администрација, во државна институција или претпријатие, во општествени организации и во недржавни економски субјекти. Пратениците и сенаторите може да ги остваруваат правата лично и без претходна најава и снимање при таквата посета односно интервенција не е дозволено. Надлежните лица во институциите се должни веднаш да дозволат на пратеник или сенатор да влезе во институцијата заради извршување на обврска која произлегува од неговиот мандат, но и да дадат информации и објаснувања за конкретен случај. Правото на интервенција не дозволува директен пристап или увид во документи, туку само право на информирање од страна на надлежното лице. Пратеник нема право на пристап до информации кои се опфатени со закон за заштита на информации (деловни тајни).

Во **Португалија** во Уставот на Републиката[2] се предвидени условите за вршење на пратеничката функција. Пропишано е дека јавните субјекти имаат должност да соработуваат со пратениците во извршувањето на нивните функции што подразбира обезбедување на сите елементи и информации што пратениците ќе ги побараат, како и слободен пристап до услугите и документите. Пратениците ова право го користат на тој начин што можат да поставуваат прашања до Владата или до јавната администрација и да добијат одговор или информации во разумен рок, освен за оние информации кои со закон се одредени како „државна тајна". Остварувањето на овие овластувања е дел од надзорната улога на Собранието која произлегува од членот 162 од Уставот според кој пратениците може ќе треба да извршуваат работи кои произлегуваат од нивниот пратенички статус и се надвор од просториите на Собранието. Во членот 15 од Статутот на пратениците со кој се пропишани правата на пратениците, исто е предвидено право на слободно движење на јавни места до кои инаку пристапот е ограничен, со прикажување на картичка дека лицето е пратеник во Собранието на Португалија.[3]

Принципот на јавна достапност на актите е еден од темелите на **шведскиот** правен систем, што подразбира дека пошироката јавност има право да ги проверува активностите на властите. Овој принцип се однесува првенствено на пристапот до јавните документи и пристап до судовите. Истиот принцип се однесува и на членовите на шведскиот парламент што значи дека не постои конкретно правило кое се однесува само на пратениците и со кое им се дозволува неавторизирана посета на институции или структури, јавни или приватни, кои се делумно финансирани од државата. Надзорот над институциите финансирани од државата најчесто го вршат надзорни органи.

---

[2] Член 155 од Уставот на Португалија, https://www.parlamento.pt/sites/EN/Parliament/Documents/Constitution7th.pdf

[3] https://www.parlamento.pt/sites/EN/Parliament/Documents/StatuteofMembers.pdf

Во **Швајцарија** пратениците немаат право на индивидуален влез во институции од ваков вид.

Во **Обединетото Кралство** пратениците немаат конкретно дозволено право на посета на ниту една институција, но доколку пратеникот побара посета во определена институција или било кој друг објект, тоа најчесто се договора лично со засегнатата институција. Поголемиот број од ваквите посети се организираат неформално. Во случаите кога пратеникот сака да посети центар за притвор или затвор, потребна му е дозвола. Дозволите се потребни за ваквиот тип на објекти заради правилата на центрите. На пример, правилата на Центарот за притвор велат дека ниту едно надворешно лице не смее да гледа внатре во центарот ако нема овластување предвидено во статутот или пак од државниот секретар. Овие правила постојат со цел да се зачува приватноста и достоинството на лицата кои се притворени.

Изработила: Ивана Арсовска Трајановиќ

Одобрила и согласна: Фани Коровешовска

Раководител на Парламентарниот институт,

________________________

м-р Златко Атанасов


Насоки
за користење на истражувачките услуги
на Парламентарен институт
Кој ги користи услугите?
-пратениците
-работните тела
-советите
-пратеничките групи
-генералниот секретар
Зошто?
за обезбедување објективни и непристрасни информации заради:
-подобро аргументирање на ставовите;
- подобро запознавање со предлог-законите и другите акти;
-кристализирање на идејата за поднесување предлог-закон;
-учество на јавни настапи, комуникација со граѓани и дипломатски посети
Како?
со поднесување барање за истражувачки работи:
-во писмена форма (на пропишаниот образец, потпишан лично од корисникот)
-во електронска форма (преку системот на е-парламент)
Кому му се поднесува барањето?
на раководителот на Парламентарен институт
(за дополнителни појаснувања во однос на темата и рокот, истражувачот и раководителите се консултираат со корисникот при добивањето на барањето и во текот на изработката на истражувачката работа)
Какви услуги и препорачан минимален рок?
минимум работни дена:
-кратка информација 3
-хронолошки преглед 5
-тематски преглед 5
-компаративен преглед 7
-опширна информација 10
Што содржат истражувачките работи?
истражувачките работи се од информативна природа, политички неутрални и објективни, се фокусираат на факти и не содржат препораки, ниту сугерираат решенија
Што не може да биде побарано?
-правни совети и помош за индивидуални случаи;
-изработка на нацрт-закони или амандмани;
-информации од надлежност на други сектори во Собранието
parl.inst@sobranie.mk
070/409-544
070/352-474
070/320-349
070/320-348
071/305-384